Тргнувајќи  од Универзалната декларација за човекови права од 1948 година како прв, меѓународен документ кој што образованието го определува како човечко право;

Уставот на Република Македонија и Законот за средно образование, според кои: “Средното образование е задолжително за секој граѓанин, под еднакви услови утврдени со овој закон” (Член 1 од Закон за изменување и дополнување на Законот за средното образование, Сл.Весник на Р.Македонија бр. 49 од 18.04.2007 год.);

Базирајќи се на член 3 од Законот за средното образование според кој: ”Не се дозволени дискриминации засновани на пол, раса, боја на кожата,национално и социјално потекло, политичко и верско уверување, имотна и општествена положба” (Сл. весник на Р Македонија” бр.52/02 од 11.07.2002 год.) и член 4 од истиот закон според кој: **“**За припадниците на националностите воспитно -образовната дејност во јавните училишта се изведува на јазикот и писмото на националностите на начин и под услови утврдени со овој закон”:

Ние, претставниците од подолу потпишаните граѓански организации ја изразуваме нашата загриженост од ставовите кои ги изразуваат некои претставници од локалните самоуправи и претставници од средните училишта во Скопје, Велес, Прилеп, Битола и некои други градови во однос на прашањето на отворање на паралелки на албански јазик.

**СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СИТЕ!**

И после 17 години плурализам во Македонија, 7 години по потпишувањето на Рамковниот договор кој  отвори нови перспективи на мултикултурализмот во Македонија, во времето кога земјата е на прагот на зачленување во европските структури, процеси кои бараат образовани граѓани за да одговорат на предизвиците кои ќе следатво одредени делови од државата сеуште сите етнички заедници немаат еднаков пристап кон образование.

Во времето кога ова право е гарантирано и со закон, нема простор заспротиставување на оваа обврска и процесите кои ќе го овозможат ова право.  Неможе токму за учениците Албанци да нема место во средните училишта од овие четири града,  со образложение дека во тој случај би се наштетило на  образованието на учениците Македонци и наставата би изгубила во квалитет.

Со цел јакнење на меѓусебната доверба помеѓу етничките групи во Македонија, бараме од Министерството за образование и наука  да овозмож технички, просторни, содржински и кадровски услови за сите ученици кои ќе го завршат основното образование и кои се обврзани да го продолжат своето образование.

Бараме од градоначалниците и општинските администрации на време да ги извршат сите потребни подготовки и да создадат еднакви услови за сите ученици, независно од нивната етничка припадност, а од директорите на средните училишта бараме да обезбедат технички, просторни и кадровски услови за да одговорат на предизвиците од првата година на задолжителното средно образование.

По тој повод, ние претставниците од граѓанското општество, потсетуваме дека целта на образованието е целосниот развој на човековата личност и јакнењето на почитувањето на фундаменталните човекови права и слободи.

Длабоко сме убедени дека образованието промовира разбирање, толеранција и пријателство помеѓу народите, расните или верските групи и придонесува во чувањето на мирот и во овој случај бараме и од граѓанското општество во Македонија, посебно во тие градови каде што за прв пат ќе се отворат средни училишта на албански јазик, конкретно да се ангажираат за постигнување на овие хумани и цивилизациски цели.

Гостивар, Скопје, 2 април 2008

Асоцијација за демократски иницијативи (АДИ)

ХДЗР „Месечина“

Прва детска амбасада во светот „Меѓаши“

Македонски центар за мечународна соработка (МЦМС)

ЦСИД „ФОРУМ“

АДРР „СОНЦЕ“

ЗОК „Милениум“

Центар за институционален развој (ЦИРа)

ЦРМЗ „МЕДИУМ“

РОЗМ „ДАЈА“

Женска граѓанска иницијатива „АНТИКО„

Европски линк центар (ЕЛЦ)

Центар без граници (NBC)

Фондација Информатички центар

Граѓанска асоцијација „МОСТ“

ЗАЛУМ „DRAUDACUM“

Хуманитарна Организација „Ел Хилал“

Граѓанското движење „ZGJOHU“

IPG - Гостивар

ПОЛИО ПЛУС – движење против хендикеп

Национален совет на жените на Македонија (НСЖМ - СОЖМ)